Врз основа на член 383 став 1 точка 8 и член 479 став 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13 и 187/13), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, на седницата, одржана на 10.02.2014 година, донесе

# О Д Л У К А

## за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2013 година и ревидирање на Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2013 година

### Член 1

За овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2013 година и ревидирање на Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2013 година се избира „Ревизија Чулева“ ТП, Ул.„Њуделхиска“ бр.4/3 Скопје, врз основа на спроведена постапка за јавна набавка со прибирање понуди со електронска аукција за ревидирање на Годишна сметка и финансиски извештаи за 2013 година и ревидирање на Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи за 2013 година.

### Член2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 42-811/1
10 февруари 2014 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

м-р Зоран Ставрески